РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. 02-1818/64
07-10-2024 20__ год. / vit

УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ
URBAN PLAN CONSTRUCTION UPC
ДООЕЛ експорт-импорт Тетово
Бр. 01-2/141/ 07.10. 2024 год.

# Анекс на Договорот за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со архивски број на МТСП 02-760/1 од 18.01.2023 година, архивски број на Општина Гевгелија 03-128/1 од 23.01.2023 година и архивски број на носителот на набавката 01/7 од 05.01.2023 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 03-575/6
07. 10. 2024 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Договорни страни:

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади,** со седиште на ул.„Даме Груев“ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст: „Договорен орган“ од една страна,

2. **Општина Гевгелија**, со седиште на ул. „Димитар Влахов" бр.4 Гевгелија, претставувана од страна на Градоначалникот Андон Сарамандов, во понатамошниот текст: „Нарачател“ (член на група на нарачатели), и

3. **Друштво за производство, градежништво, транспорт, угостителство, трговија и услуги УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ, експорт - импорт Тетово**, со седиште на ул.„Борис Кидрич“ бр.82/3 Тетово, застапувано од овластено лице Сејди Шасхивари, во понатамошниот текст: „Носител на набавката – изведувач“.

## Член 1

Договорните страни го склучуваат овој анекс на договор врз основа на член 40 од Договорот за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со архивски број на МТСП 02-760/1 од 18.01.2023 година, архивски број на Општина Гевгелија 03-128/1 од 23.01.2023 година и архивски број на носителот на набавката 01/7 од 05.01.2023 година, а во врска со член 119 став 1 точка 3 од од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019 и „Службен весник на РСМ" бр.87/2021).

## Член 2

Предмет на овој Анекс на договорот е уредување на непредвидените работи кои се резултат на пропусти во проектната документација и предмерот од истата.

Изведувачот писмено без одлагање по констатирање на потребата од изведување на непредвидените работи го извести Договорниот орган, Надзорот и Општина Гевгелија со објаснување за неопходноста од изведување на непредвидените работи и тоа во делот прегради на санитариите, спој меѓу постоечкиот објект и доградбата, опшивка на каналите за воздух, фаза машинство-термички работи и фаза електрика и во прилог достави Предмер за позициите кои треба да се изведат, (електронски доставена и заверена по е-маил на 22.07.2024 година од страна на изведувачот-носител на набавката.

Надзорниот орган МБМ Архитекти ДООЕЛ Скопје со дописи бр.0302-328 од 20.06.2024 година и бр.0302-381 од 22.07.2024 година ја потврдува потребата од изведба на непредвидените работи и даде согласност за изведба на истите.

Проектантот ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АД Дооел Битола со допис бр.0302-251/2024 од 08.08.2024 година даде објаснување за пропустите во проектната документација и даде согласност за реализација на појавените непредвидени работи.

Општина Гевгелија по анализа на пазарот и по побарани понуди од повеќе економски оператори ги утврди пазарните цени за непредвидените позиции.

Со дописи бр.0302-446/1 од 20.08.2024 година и бр.0302-446/2 од 20.08.2024 година надзорот даде согласност за понудениот предмер пресметка и понудените цени.

Со допис бр.072/134 од 16.09.2024 година изведувачот дал согласност за изведба на непредвидените работи по дадените цени.

## Член 3

Во член 40 од Договорот, последната реченица од став 3 се брише.

Се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

3. Непредвидените работи за кои е констатирано дека се неопходни за изведување и завршување на објектот се во вредност од 1.424.910,00 денари без пресметан ДДВ односно 1.681.393,80 денари со пресметан ДДВ, согласно доставено известување за согласност за изведба на непредвидени работи со бр.01-2/134 од 16.09.2024 година од носителот на набавката Друштво за производство, градежништво, транспорт, угостителство, трговија и услуги УРБАН ПЛАН КОНСТРУКТИОН УПЦ, експорт - импорт Тетово.

4. Плаќањето ќе се врши по времени ситуации за непредвидените работи кои се предмет на овој Анекс договор доставени до архивата на Општина Гевгелија, одобрени од страна надзорот, заедно со соодветно потпишани градежен дневник и градежна книга од страна на надзорниот орган и претставници на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Општина Гевгелија, во рок од 60 дена од денот на приемот на соодветната ситуација.

**Член 4**

Согласно член 42 од основниот договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави дополнителна банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 15% од вредноста на овој Анекс Договор, со која се обврзува дека навремено квалитетно и согласно условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој Анекс договор.

Банкарската гаранција се доставува во рок од 5 дена од потпишување на овој Анекс на договорот за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со архивски број на МТСП 02-760/1 од 18.01.2023 година, архивски број на Општина Гевгелија 03-128/1 од 23.01.2023 година и архивски број на носителот на набавката 01/7 од 05.01.2023 година.

**Член 5**

Останатите одредби од Договорот за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со архивски број на МТСП 02-760/1 од 18.01.2023 година, архивски број на Општина Гевгелија 03-128/1 од 23.01.2023 година и архивски број на носителот на набавката 01/7 од 05.01.2023 година остануваат непроменети.

**Член 6**

Овој Анекс на Договорот за изведување на градежни работи за доградба на објект за детска градинка во Општина Гевгелија со архивски број на МТСП 02-760/1 од 18.01.2023 година, архивски број на Општина Гевгелија 03-128/1 од 23.01.2023 година и архивски број на носителот на набавката 01/7 од 05.01.2023 година влегува во сила со денот на неговото потпишување од договорните страни,

**Член 7**

Овој Анекс договор е составен во 6 (шест) примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

| Министер | Градоначалник | Управител |
|---|---|---|
| Фатмир Лимани | Андон Сарамандов | Сејди Шахсивари |
| м.п. | м.п. | м.п. |